

OHRID CITY
OF UNESCO

# Локален акционен план
## за унапредување на положбата на лицата со попреченост во Општина Охрид 2010 - 2013

**Програма “Градот и попреченоста”**

# ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПОЛОЖБАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ОПШТИНА ОХРИД 2010 - 2013

**Републички центар за поддршка на лица
со интелектуална попреченост – ПОРАКА**

Наслов:
***Локален акционен план за унапредување на положбата на лицата со попреченост во Општина Охрид 2010 - 2013***

Издавач:
***Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА***
ул. ”Орце Николов” бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
e-mail: poraka@t-home.mk
web: www.poraka.org.mk

Уредувачки одбор:
***Виолета Димоска***
***Д-р Василка Димоска***
***Владо Крстовски***
***Африм Илјази***

Лектура и коректура:
***Весна Стојчевска***

Графички дизајн и печатење:
***Дата Понс - Скопје***

Скопје, август 2010 година

***Проектот “Градот и попреченоста” е делумно поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците, или препораките изнесени овде се на авторите и не ги одразуваат оние на Стејт Департментот на САД.***

# СОДРЖИНА


Воведен збор на Градоначалникот ....................................................................5

Локален акционен план за унапредување на положбата на лицата
со попреченост во Општина Охрид ....................................................................6

Што е локален акционен план? ..........................................................................7

Генерални податоци за Општина Охрид ............................................................7

Дефинирање на „попреченоста” .........................................................................9

Статистички податоци во однос на лицата со попреченост во
Општина Охрид ..................................................................................................11

Реализирани активности за изготвување на локалниот акционен план .........12

Координативно тело за спроведување на локалниот акционен план .............14

Листа на идентификувани потреби и приоритети на лицата
со попреченост во Општина Охрид ..................................................................16

План за спроведување на локалниот акционен план за лицата
со попреченост во Општина Охрид ..................................................................20

# ВОВЕДЕН ЗБОР НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

## *ХЕНИДКЕП Е ЗА СИТЕ КОИ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ГЛЕДААТ ОД „ВИСИНА”*

Жалосно е што во 21-виот век, при незапирливиот развој на науката, технологијата и здравството, како квалитетот на живеење на човештвото, државата, со својата социјална улога, сè помалку им посветува внимание и грижа на потребите на граѓаните со одреден вид на попреченост.

Уште пожалосно, според мене, е тоа што државата преку својата политика, буџетот и институциите од сферата на социјалата и здравството, и кога ќе реши да стори нешто за доброто на хендикепираните граѓани или за подобрување на нивната положба во општеството, тоа го прави како да дава некому милостиња. Таквиот однос не само што е навредлив и неприфатлив за граѓаните со одреден хендикеп туку е и неоправдан и недозволив за современото цивилизирано општество.

Наспроти таквата политика, недоволната и неадекватна грижа на државата за своите граѓани со одреден вид на попреченост, Општина Охрид и оваа актуелна локална власт во изминатите пет години направија сериозни усилби за подобрување на положбата и решавањето на проблемите на оваа категорија наши сограѓани. Факт е дека во тоа имаме остварено конкретни резултати, инаку, свесни сме дека тоа не е максимумот, но секако не е за потценување, со оглед на објективните можности и состојби во кои се наоѓа Охрид од аспект на ингеренциите и запрената децентрализација на власта.

Уверен сум дека во грижата за нашите сограѓани со одреден вид на попреченост ќе постигнеме уште подобри резултати, а во тоа несомнено од голема полза ќе биде и овој извонредно изработен Акционен план, за чија реализација имаме и потреба и кадри, а очекувам дека заедно со сите други субјекти опфатени во него ќе го дадеме максимумот. Тоа е наша определба, бидејќи лицата со попреченост се наши сограѓани и се составен дел од нашата локална заедница, а не категорија луѓе на маргините на животот и на општествената заедница.

Градоначалник на Општина Охрид,
Александар Петрески

# ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПОЛОЖБАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ОПШТИНА ОХРИД

Со тековната реформа на децентрализација, локалните самоуправи добија многу одговорна улога во процесот на унапредувањето на состојбата во која се наоѓаат ранливите групи граѓани, вклучително и лицата со попреченост. Одлуките што ги донесуваат локалните самоуправи влијаат врз секојдневниот живот на лицата со попреченост. Поради тоа, од големо значење е локалните власти, при планирањето на политиките и донесувањето на одлуките, да ги вклучуваат и аспектите на попреченоста, т.е. да согледаат како секоја нова одлука ќе повлијае врз животот на лицата со попреченост.

Воспоставувањето блиска соработка помеѓу локалните власти и организациите на лицата со попреченост е основниот предуслов за ефективно креирање на инклузивната локална политика во однос на лицата со попреченост.

Имајќи го ова во предвид, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, во периодот септември 2009 – септември 2010 година, реализираше конкретна акција за развивање локални акциони планови за попреченост во три општини во Република Македонија: Охрид, Виница и Куманово.

Активностите за креирање на локалните акциони планови се реализираа во соработка и низ партнерски однос со трите општини и меѓународната организација Хендикеп Интернационал (Handicap International), а целата програма е поддржана од Програмата за мали грантови на Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Македонија.

## ШТО Е ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН?

Локалните акциони планови за попреченост претставуваат инструменти за развој и за имплементирање на конкретните чекори што водат кон унапредувањето на состојбата на лицата со попреченост. Тие се стратегиски документи, составени од идентификуваните потреби на локално ниво и од утврдените цели и приоритети што се прифатени од страна на локалните власти и од организациите на лицата со попреченост.

Локалните акциони планови се насочени кон унапредувањето на квалитетот на животот на лицата со попреченост, тие опфаќаат прашања кои се од најголемо значење за нив и предлагаат акции кои се во согласност со ресурсите на локалната заедница.

## ГЕНЕРАЛНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД

Бреговите на Охридското Езеро биле населувани уште од прастари времиња. Археолошките податоци говорат за населби од неолитскиот период, 6000 години пред нашата ера. Постанокот на античкиот град Лихнид се поврзува со името на Феникиецот Кадмо. Првпат називот Охрид се споменува во протоколот на Цариградскиот собор од 879 година.

Охрид, вечниот град, волшебникот рид на Македонија, со своето исконско пулсирање ги поврзува старите и новите времиња за навек, бидејќи тој е жив град, град со вткаени дострели на силната античка цивилизација. Градот Охрид е, всушност, културна историја на Република Македонија. Како епископски центар во антички времиња, а подоцна и преку надалеку прочуената Охридска архиепископија низ вековите, градот ја претставува целокупната црковна историја на Македонија и го носи епитетот балкански Ерусалим.

Во Охрид бил лоциран првиот несловенски универзитет во Европа, преку дејноста на св. Климент Охридски од крајот на деветтиот и почетокот на десеттиот век. Градот бил и најзначајната официјална престолнина на Првата македонско-словенска држава, поточно на Самуиловото царство.

Охрид е и преродбеничко жариште на Македонија во 19-тиот век, а денес е културен, духовен и туристички центар. А како круна на вредностите, од 1980 година Охрид и Охридското Езеро се светско културно и природно богатство под заштита на УНЕСКО.

Охрид е релативно голема општина која зафаќа површина од 389,93 км$^2$, без пресметаната површина на Охридското Езеро, која во македонскиот дел изнесува 229,9 км$^2$, а се наоѓа на крајниот југозападен дел на Република Македонија. Општината има правец на протегање север – југ, таа има 29 населени места од кои шест се ридски, едно е планинско, а сите други се низински. Во нив живеат 55749 жители, чија етничка припадност е претставена на следнава табела:

| **Етничка структура** | **Популација** | **%** |
|---|---|---|
| Македонци | 47344 | 84,93 |
| Албанци | 2962 | 5,31 |
| Турци | 2268 | 4,06 |
| Роми | 69 | 0,12 |
| Власи | 323 | 0,58 |
| Срби | 366 | 0,66 |
| Бошњаци | 2388 | 4,29 |
| **Вкупно** | **55749** | **100** |

## ДЕФИНИРАЊЕ НА „ПОПРЕЧЕНОСТА"

Дефинирањето на „попреченоста"[1] е доста комплексно прашање.

Следејќи ги светските трендови во однос на терминологијата и Меѓународната класификација на функционирањето, попреченоста и здравјето (ICFDH) на Светската здравствена оргнанизација, во овој документ е користен терминот „попреченост" како најсоодветен превод од англиски јазик на терминот „*disabilty*". Во Република Македонија сè уште не е комплетно усогласена терминологијата за оваа вулнерабилна група граѓани, но забележан е позитивен тренд во рамките на усогласувањето на законодавството во земјата со законодавството на земјите-членки на Европската заедница.

Меѓународната класификација на функционирањето, попреченоста и здравјето:

- Нуди интегрирано и научно согледување на здравјето и попреченоста;
- Предлага интердисциплинарен јазик за стручните работници од здравственото, социјалното и образовното поле, кој е универзално прифатен на меѓународно ниво;
- Му дава неопходно значење на амбиенталниот фактор и може да се применува во различни културни средини;
- Има повеќедимензионалниот пристап и содржи критериуми кои ги ставаат сите патолошки состојби на исто рамниште, независно од причините;
- Воведува неутрална терминологија, со што се разграничува оштетувањето од попреченоста и хендикепот.

Според Меѓународна класификација на функционирањето, попреченоста и здравјето, на попреченоста не треба да се гледа како на определена карактеристика или недостаток на единката, туку на неа треба да се гледа како на едно заемно дејство на здравствените карактеристики и контекстуалните фактори кои влијаеле на нејзината појава.

*[1] Попреченост (disability) СЗО (WHO) - термин кој се користи за различни функционални ограничувања (физички, интелектуални или сетилни), кои можат да бидат од времен или од траен карактер.*

Поради болест, повреда или конгенитална малформација, може да се јави:

**(Impairment)** ***Оштетување*** – губиток или абнормалност на психолошката, физиолошката, или анатомската структура или функција.

↓

**(Disability)** ***Попреченост*** – како резултат на одредено оштетување, може да се појави рестрикција или недостиг на можноста да се изведуваат определени активности на начин или со капацитет што е својствен за човекот.

↓

**(Handicap)** ***Хендикеп*** – како резултат на настанатото оштетување или на попреченоста, може да се појави неможност заради која е ограничено или оневозможено извршувањето на определени функции кои се нормални за човекот (секако, соодветни за одредена возраст и пол, во согласност со социјалните и културните фактори).

Врз основа на горенаведеното, терминот „*попреченост*” во овој документ подразбира „состојба што води кон социјални и економски недостатоци/исклучување, негирање на правата и ограничување на можностите за рамноправност во животот во заедницата”.

Добрата политика е важна почетна точка доколку таа обезбедува широк простор за дијалог помеѓу владите и меѓународната заедница за да се креира политика за развој и поддршка на правата на лицата со попреченост, но и за промовирање акции во согласност со *Стандардните правила на ОН за изедначување на можностите на лицата со попреченост*[2] *и со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост* на централно и на локално ниво.

[2] UN General Assembly. Standard Rules for the Equalization of Opporunities for Persons with Disabilities. 48 session Resolution 48/96.New York. 20.12.1993

## СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ВО ОДНОС НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ОПШТИНА ОХРИД *(извор: Центар за социјална работа – Охрид)*

**1. Број на лица со попреченост по вид на попреченост и по пол**

| Вид на попреченост | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Лица со интелектуална попреченост | 355 | 186 | 541 |
| Лица со оштетен вид | 23 | 9 | 32 |
| Лица со оштетен слух | 36 | 8 | 44 |
| Лица со телесна инвалидност | 49 | 28 | 77 |
| Лица со комбинирани пречки | 33 | 11 | 44 |
| | | **Вкупно** | **738** |

**2. Број на деца/лица со попреченост - корисници на права од социјална заштита и сместување во институции**

| | |
|---|---|
| Корисници на посебен додаток | 152 |
| Корисници на постојана парична помош | 5 |
| Сместени во Специјален завод – Демир Капија | 4 |
| Сместени лица во Завод за рехабилитација Топанско поле – Скопје | 1 |
| Опфатени лица во ДСУ „Св. Наум Охридски” | 1 |
| Сместени лица во Завод за заштита и рехабилитација – Бања Банско | 1 |
| Смесетни деца во Дом за доенчиња – Битола | 1 |
| Сместени лица во згрижувачко семејство | 3 |

**3. Податоци за вработување**

Според податоците на Центарот за вработување – Охрид, во Општина Охрид функционираат 35 заштитни друштва кои вработуваат околу 400 лица со попреченост.

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ АКЦИОНЕН ПЛАН

Процесот на креирање на Локалниот акционен план во Општина Охрид се темелеше врз принципот на партиципативност, а активностите беа поделени на неколку фази, секоја со одредена цел и со очекуван резултат.

Првата и втората фаза на програмата „Градот и попреченоста" опфатија подготвителни активности за нејзино спроведување, состанок со г. Александар Петрески, Градоначалник на Општина Охрид, формирање на Работната група за креирање на Локалниот акционен план и потпишување Меморандум за соработка во реализацијата на целата програма со Општина Охрид и со вклучените локални институции и организации на лица со попреченост.

*Членови на Работната група за креирање на Локалниот акционен план:*

1. Серафим Наумовски – Општина Охрид,
2. Миливој Котески – Општина Охрид,
3. Наташа Смилеска – Општина Охрид,
4. Велика Азеска – ЈУ Центар за социјална работа – Охрид,
5. Анета Јованоска – Црвен крст – Охрид,
6. Пецо Павловски – Центар за вработување – Охрид,
7. Лилија Стиловска – ОУ „Св. Климент Охридски" - Охрид,
8. Јованка Арнаудовска – ЈЗУ Општа болница – Охрид,
9. Зоран Костадиновски – ЦПЛИП – ПОРАКА Охрид,
10. Сашо Котели – ЦПЛИП – ПОРАКА Охрид,
11. Славчо Џајковски – Здружение на слепи лица – Охрид,
12. Славица Стефаноска – Здружение на глуви и наглуви лица – Охрид,
13. Амети Муштеба – Сојуз за спорт и рекреација на инвалиди – Охрид,
14. Екрем Азизоски – Сојуз за спорт и рекреација на инвалиди – Охрид,
15. Венко Голабоски – Здружение на телесно инвалидизирани лица – Охрид.

Третата фаза од реализацијата на предвидените активности опфати обука на Работната група за изготвување на Локалниот акционен план, преку три семинари. Преку обуките, членовите на Работната група се стекнаа со знаења од повеќе области поврзани со правата на лицата со попреченост, вклучувајќи знаење за следниве значајни точки:

- Локален акционен план, како инструмент за изедначување на можностите за лицата со попреченост,
- Основни концепти (дефиниции, медицински и социјален модел, човекови права и сервисни служби),
- Меѓународни и домашни правни инструменти, законски рамки, стратегии, состојби и системи за грижа и заштита на лицата со попреченост,
- „АГЕНДА 22" – инструмент за креирање локални акциони планови и искуства од други земји,
- Социјални сервисни служби и регулаторни механизми,
- Децентрализација и форми на соработка на локалната самоуправа и граѓанскиот сектор,
- Идентификување на потребите и ресурсите во локалната заедница,
- Раководење со проектните циклуси и односот со медиумите.

Во четвртата фаза на Програмата беа одржани три работилници, при што членовите на Работната група работеа директно врз креирањето на Локалниот акционен план. Истовремено, членовите имаа можност да ги искористат стекнатите знаења од одржаните обуки.

Локалниот акционен план беше разработуван во согласност со меѓународниот документ „Агенда 22", врз основа на принципите зацртани во Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. На работилниците беа разгледувани приоритетите и потребите на лицата со попреченост, првенствено во областите што се под надлежност на локалните самоуправа, но исто така и во областите што сè уште не се децентрализирани, но за кои локалните заедници можат да придонесат со свои акции и со лобирање кај централна власт. При разработката на Локалниот акционен план, членовите на Работната група дадоа придонес во оформувањето на приоритетите и активностите. Притоа, се водеше сметка предложените активности во Локалниот акционен план да бидат реални и изводливи, во согласност со ресурсите на локалната заедница. За секоја поединечна активност беа дефинирани нејзината цел и задача, одговорната институција за спроведување, временската рамка и изворот на финансирање.

Во петтата фаза на Програмата беа организирани презентација и јавна дебата за Локалниот акционен план со советниците од Советот на Општина Охрид и со претставниците на локалните институции и организации, каде беше добиен позитивен фидбек во однос на предложениот стратегиски документ и беа изнесени конструктивни забелешки од учесниците.

Во завршната фаза на Програмата беше организирана финална работилница на која се прецизираше текстот на Предлог-локалниот акционен план, а на членовите на Работната група им беа доделени сертификати за учеството и нивниот придонесот во остварувањето на целата програма.

Како резултат на спроведните фази, Советот на Општина Охрид, на 19 јули 2010 година едногласно го усвои Локалниот акционен план за унапредување на положбата на лицата со попреченост во Охрид 2010 – 2013, како официјален стратегиски документ за развој.

## КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ АКЦИОНЕН ПЛАН

Со усвојувањето на Локалниот акционен план, Советот на Општина Охрид назначи Координативно тело за спроведување на  Локалниот акционен план за унапредување на положбата на лицата со попреченост во Општина Охрид 2010 – 2013, составено од следните членови на Работната група:

1. Миливој Котески – Општина Охрид (Претседател),
2. Велика Азеска – ЈУ Центар за социјална работа – Охрид,
3. Анета Јованоска – Црвен крст – Охрид,
4. Сашо Котели – ЦПЛИП – ПОРАКА Охрид,
5. Славчо Џајковски – Здружение на слепи лица – Охрид,
6. Славица Стефаноска – Здружение на глуви и наглуви лица – Охрид,
7. Муштеба Амети – Сојуз за спорт и рекреација на инвалиди – Охрид.

Координативното тело, во комуникација со соодветните сектори во Општината, треба да се подготви за дополнителни дискусии и преговори за:

а) Разработката на оперативните годишни планови;
в) Идентификацијата на ресурсите и поделбата на трошоците;
г) Селекцијата на целите и акциите;
д) Поделбата на трудот;
ѓ) Набљудувањето и дополнителните промени во планираните активности.

Координативното тело има официјален мандат, доделен од страна на Општина Охрид, а негова задача при реализацијата на Локалниот акционен план е да се исполнат следниве точки:

- Месечни состаноци за реализација на Локалниот акционен план;
- Редовни состаноци на Координативното тело со одговорните институции одредени во Локалниот акционен план;
- Редовни информативни состаноци и комуникација со медиумите за процесот на реализација на Локалниот акционен план;
- Годишна анализа на Локалниот акционен план преку развивање на мерливи индикатори за постигнувањето на очекуваните резултати;
- Годишен извештај до Советот на Општина Охрид за реализацијата на Локалниот акционен план.

# ЛИСТА НА ИДЕНТИФИКУВАНИ ПОТРЕБИ И ПРИОРИТЕТИ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ОПШТИНА ОХРИД

## Област 1: ЈАВНА СВЕСТ

- ✓ Недоволна и несоодветна информираност на граѓаните за проблемите, потребите и правата на лицата со попреченост;
- ✓ Недоволна информираност на семејствата и самите лица со попреченост за постојните права;
- ✓ Несоодветен пристап на медицинскиот персонал спрема лицата со попреченост;
- ✓ Недоволна информираност на претставниците на јавните институции за потребите на лицата со попреченост;
- ✓ Недоволна информираност на бизнис-секторот за потребата од физичка пристапност на лицата со попреченост;
- ✓ Недоволна информираност на просветните/образовните работници и учениците за потребата од вклучување на децата со попреченост во редовниот образовен процес.

## Област 2: ПРИСТАПНОСТ

### а) Физичка пристапност

- ✓ Јавните институции не се физички пристапни за лицата со попреченост (општинската зграда, Центарот за социјална работа, Полициската станица и Службата за водење матични книги; ФЗО – Охрид и ПИОМ – Охрид, Одделението за физикална терапија, трансфузија и лабораторија, Градската библиотека – Охрид, Центарот за вработување – Охрид, Дирекцијата на „Охридско лето”, Управата за јавни приходи – Охрид, подрачните единици на министерствата, кои се во склоп на општинската

зграда, основните и средните училишта, верските објекти, јавните претпријатија „Проаква” и „Комуналец”;

- ✓ Дел од тротоарите во поширокото градско подрачје не се пристапни;
- ✓ Нема доволен број на паркинг-места за лицата со попреченост, не се почитува обележаноста на паркинг-местата, а дел од нив не се обележани според стандардите;
- ✓ Нема адаптиран превоз за лицата со попреченост;
- ✓ Недостига доволна опременост на семафорите со звучна сигнализација за потребите на слепите лица;
- ✓ Нема јавни тоалети кои се пристапни за лицата со попреченост.

**б) Пристап до информации**

- ✓ Информациите не се во достапна форма за лицата со оштетен вид, оштетен слух и за лицата со интелектуална попреченост;
- ✓ Несигурен континуитет на вестите за лицата со оштетен слух.

## Област 3: ОБРАЗОВАНИЕ

- ✓ Нема податоци за децата со попреченост коишто се вклучени во редовниот образовен процес;
- ✓ Нема наставна програма, учебници и нагледни средства за спроведување на образовниот процес во посебните паралелки за децата со попреченост;
- ✓ Редовните училишта во кои што има вклучено деца со попреченост немаат вработено дефектолози;
- ✓ Просветните работници од редовните училишта не се соодветно обучени за работа со децата со попреченост.

### Област 4: СОРАБОТКА НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ СО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ (ОЛП)

- ✓ Нема тело за координација на соработката помеѓу локалните власти и организациите на лицата со попреченост.

### Област 5: КУЛТУРА, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

- ✓ Евидентна е недоволната вклученост на лицата со попреченост во културните и спортските настани на општинско ниво;
- ✓ Поддршката на културните и спортските настани, организирани од страна на организациите на лицата со попреченост, не задоволува.

.

### Област 6: СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СОЦИЈАЛНИ СЕРВИСНИ СЛУЖБИ ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ОПШТИНА ОХРИД

- ✓ Не е доволна информираноста на лицата со попреченост и нивните семејства за можноста за користење на еднократна парична помош која ја доделува општина Охрид;
- ✓ Недостигаат финансиски средства за функционирање на Дневниот центар за лицата со интелектуална попреченост – ПОРАКА Охрид;
- ✓ Не е доволно развиена мрежата на социјалните сервисни служби за поддршка на лицата со попреченост во Општина Охрид;
- ✓ Не постојат на процедури и критериуми за поддршка на социјалните сервисни служби од страна на Општина Охрид.

## Област 7: ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

- ✓ Недоволна е информираноста на лицата со попреченост и нивните семејства за можностите за вработување, согласно Законот за вработување на инвалидни лица;
- ✓ Недоволно се познаваат правата и обврските од работниот однос од страна на лицата со попреченост и нивните семејства;
- ✓ Постојат злоупотреби на законските можности и прописи од страна на работодавците и вработените лица со попреченост.

## Област 8: ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА

- ✓ Недоволна е информираноста за можноста за ослободување од партиципацијата за лекувањето и лекарствата за децата со попреченост до 26-годишна возраст;
- ✓ Ослободувањето од партиципацијата за лекувањето и лекарствата на децата со попреченост во Општина Охрид се врши до 18-годишна возраст, наместо до 26-годишна возраст, како што е законски пропишано;
- ✓ Стручниот орган за оценување на специфичните потреби на лицата со пречки во развојот врши оценување само на лицата со интелектуална попреченост, иако постојат кадровски и просторни можности за оценување на сите групи лица со попреченост.

# ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ОПШТИНА ОХРИД

## Област 1: ЈАВНА СВЕСТ

| Цели | Задачи | Акции | Одговорна институција | | Време за спроведување | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Кој | Со кого | | |
| 1. Информирање на граѓаните за потребите на лицата со попреченост | 1.1 Организирање и реализирање на кампања за потребите на лицата со попреченост | 1.1.1 Контактни емисии и прилози во локалните медиуми (ТВ, радио, Интернет, весници)<br>1.1.2 Подготовка и дистрибуција на промотивниот материјал (ТВ-спотови и печатен материјал)<br>1.1.3 Организирање јавни трибини<br>1.1.4 Тематски предавања во училиштата за потребите на лицата со попреченост<br>1.1.5 Вклучување на лицата со попреченост во активностите поврзани со кампањата за подигнување на јавната свест | Координативно тело за спроведување на ЛАП | Организации на лица со попреченост (ОЛП)<br><br>Општина Охрид<br><br>медиуми<br><br>училишта<br><br>Црвен крст<br><br>јавни установи<br><br>НВО | континуирано<br><br>ноември 2010 - декември 2013 | Општина Охрид<br><br>организации на лица со попреченост (ОЛП)<br><br>медиуми<br><br>донатори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Информирање на семејствата и лицата со попреченост за постојните права | 2.1 Остварување на директни контакти со семејствата и лицата со попреченост | 2.1.1 Подготвување и печатење на леток за постојните права на лицата со попреченост<br>2.1.2 Дистрибуција на летокот до лицата со попреченост<br>2.1.3 Континуирано информирање преку ЦСР (дистрибуција на информативниот материјал и по пошта)<br>2.1.4 Искористување на општинскиот Информативен центар за дистрибуција на информативниот материјал | ОЛП<br><br>ЦСР<br><br>Општина Охрид | Координа-тивно тело за спроведу-вање на ЛАП<br><br>Црвен крст | континуирано<br><br>ноември 2010 - декември 2013 | Општина Охрид<br><br>ОЛП<br><br>ЦСР<br><br>Црвен крст |
| 3. Подобрување на пристапот на медицинскиот персонал спрема лицата со попреченост | 3.1 Запознавање на медицин-скиот персонал со потребите на лицата со попреченост | 3.1.1 Изработка на постер што ќе биде поставен во сите здравствени институции<br>3.1.2 Организирање работни состаноци со медицинскиот персонал | Координа-тивно тело за спрове-дување на ЛАП | ОЛП<br><br>здравствени институции | јануари 2011 - декември 2011 | Општина Охрид<br><br>ОЛП<br><br>здравствени институции |
| 4. Информирање на јавната адми-нистрација за потребите и правата на лицата со попреченост | 4.1 Фокусирана кампања за комуникација со лицата со попре-ченост, наменета за јавната администрација | 4.1.1 Организирање работилници со претставници на јавните институции во Општина Охрид<br>4.1.2 Изготвување и дистрибуција на едукативниот материјал | ОЛП | Координа-тивно тело за спроведу-вање на ЛАП | јуни 2011 – јуни 2012 | Општина Охрид<br><br>ОЛП<br><br>донатор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. Запознавање на бизнис-секторот за потребите од физичка пристапност | 5.1 Директна комуникација со претставниците на бизнис-секторот | 5.1.1 Организирање тркалезна маса со претставниците на бизнис-секторот, ОЛП и надлежни инспекциски служби<br>5.1.2 Запознавање на бизнис-секторот со законските прописи во однос на пристапноста и почитување на истите | Координативно тело за спроведување на ЛАП | Агенција за туризам<br><br>инспекциски служби | јануари 2011 - декември 2011 | Општина Охрид<br><br>ОЛП |
| 6. Информирање на просветните работници и на учениците за вклучување на децата со посебни образовни потреби во редовната настава | 6.1 Директни контакти со наставниот кадар и учениците во редовните училишта | 6.1.1 Организирање работилници со советите на родителите во сите училишта<br>6.1.2 Организирање работилници со наставниот кадар во сите училишта<br>6.1.3 Организирање тематски одделенски часови за потребата од вклучување на децата со посебни образовни потреби во редовната настава<br>6.1.4 Организирање заеднички активности на децата со попреченост и децата без попреченост | Координативно тело за спроведување на ЛАП | училишта<br><br>ОЛП | септември 2011-јуни 2012 | Општина Охрид<br><br>ОЛП<br><br>училишта |

## Област 2: ПРИСТАПНОСТ / ДОСТАПНОСТ

| Цели | Задачи | Акции | Одговорна институција | | Време за спроведување | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Кој | Со кого | | |
| 1. Обезбедување на физичка пристапност на јавните институ-ции во Општина Охрид | 1.1 Воспоставу-вање контакт со надлежните институции | 1.1.1 Информирање и задолжување на јавните институции што се под надлежност на Општината за обезбедување на физичка пристапност<br>1.1.2 Информирање и барање до јавните институции што се под надлежност на централната власт за обезбедување на физичка пристапност | Координа-тивно тело за спроведу-вање на ЛАП | Општина Охрид | јануари 2011 – март 2012 | Општина Охрид |
| | 1.2 Адаптира-ње на приста-пот до сите јавни објекти во општина Охрид | 1.2.1 Изградба на пристапни рампи до сите објекти кои не се пристапни, а се под надлежност на Општината<br>1.2.2 Изградба на пристапни рампи до сите објекти кои не се пристапни, а се под надлежност на централната власт | Општина Охрид<br><br>јавните институции под над-лежност на централната власт | Координа-тивно тело за спроведу-вање на ЛАП | јануари 2011 - декември 2013 | Општина Охрид<br><br>јавните институции под надлежност на централната власт |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Овозможување пристапност на јавните површини во поширокото градско подрачје | 2.1 Адаптирање на тротоарите во поширокото градско подрачје | 2.1.1 Селекција на локациите за адаптација на тротоарите во поширокото градско подрачје<br>2.1.2 Адаптирање на тротоарите и пешачките патеки, согласно стандардите (на ниво на коловоз)<br>2.1.3 Соработка со МВР и со пајак-службата за отстранување на возила кои попречуваат пристапност и движење | Општина Охрид | Координативно тело за спроведување на ЛАП<br><br>МВР и пајак-служба | јануари 2011 - декември 2013 | Општина Охрид |
| 3. Обезбедување паркинг-места за лицата со попреченост | 3.1 Определување на дополнителни локации за паркинг-места за лицата со попреченост | 3.1.1 Адаптација на постојните паркинг- места за лицата со попреченост<br>3.1.2 Обележување на нови паркинг-места, почитувајќи ги стандардите<br>3.1.3 Континуирано одржување на обележените паркинг- места (хоризонтална и вертикална сигнализација)<br>3.1.4 Задолжителна контрола од полицијата заради почитување на обележани паркинг-места<br>3.1.5 Издавање на посебни идентификациони картици за користење на паркинг-местата за лицата со попреченост | Општина Охрид | Координативно тело за спроведување на ЛАП<br><br>МВР<br><br>ОЛП | јануари 2011 - декември 2013 | Општина Охрид |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. Обезбедување услови за непречено движење на слепите лица | 4.1 Опремување на семафорите со звучна сигнализација | 4.1.1 Доопремување на семафорите кај Гимназијата<br>4.1.2 Целосно опремување на семафорите на раскрсницата кај Охридска банка<br>4.1.3 Тековно одржување на поставената звучна сигнализација | Општина Охрид | Здружение на слепи лица - Охрид | јануари 2011 – јуни 2011 | Општина Охрид |
| 5. Обезбедување можности за адаптиран превоз за лицата со попреченост | 5.1 Иницирање на потребата за обезбедување на адаптиран транспорт | 5.1.1 Надополнување на условите за добивање концесија за вршење на јавен превоз (еден од условите да биде пристапноста на превозните средства)<br>5.1.2 Користење на адаптиран превоз за лицата со попреченост, со претходна најава | Општина Охрид | Координативно тело за спроведување на ЛАП | јануари 2011 - јуни 2011 | Општина Охрид |
| 6. Обезбедување на јавни тоалети, кои ќе бидат адаптирани и пристапни за лицата со попреченост | 6.1 Иницирање на потребата за обезбедување на адаптирани и пристапни јавни тоалети | 6.1.1 Надополнување на условите на тендерите за обезбедување на јавни тоалети (еден од условите да биде пристапноста) | Општина Охрид | Координативно тело за спроведување на ЛАП | јануари 2011 - јуни 2011 | Општина Охрид |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. Овозможување на достапни информации за лицата со попреченост во општина Охрид | 7.1 Овозможување на шалтер систем кој ќе обезбеди информации и услуги за лицата со попреченост | 7.1.1 Искористување на постојниот општински Информативен центар и проширување на неговите услуги<br>7.1.2 Ангажирање на лице кое го познава гестовниот говор, а ќе биде на располагање за сите категории на лицата со попреченост | Општина Охрид | Здружение на глуви и наглуви лица - Охрид | ноември 2010 - декември 2013 | Општина Охрид |
| | 7.2. Продлабочување на соработката со ТВ М за емитување вести за глуви и наглуви лица | 7.2.1 Обезбедување на континуитет на вестите за глуви и наглуви лица | ТВ М<br><br>Здружение на глуви и наглуви лица - Охрид | Координативно тело за спроведување на ЛАП | октомври 2010 - декември 2013 | ТВ М |
| | 7.3 Остварување на редовна соработка со локалните медиуми за подобра информираност | 7.3.1 Остварување контакт со локалните медиуми<br>7.3.2 Потпишување договор за соработка и дефинирање термин за емисија наменета за лицата со попреченост | Координативно тело за спроведување на ЛАП | медиуми | јануари 2011 - декември 2013 | медиуми |

## Област 3: ОБРАЗОВАНИЕ

| Цели | Задачи | Акции | Одговорна институција | | Време за спроведување | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Кој | Со кого | | |
| 1. Обезбедување на статистички податоци за децата со попреченост, вклучени во редовниот образовен процес | 1.1 Спроведување на истражување во училиштата во Општина Охрид | 1.1.1 Изготвување на прашалник и негова дистрибуција до сите училишта<br>1.1.2 Анализа на податоците како основа за понатамошни активности | Општина Охрид (Сектор за јавни дејности) | училиштата | септември 2010 - декември 2010 | Општина Охрид |
| 2. Обезбедување на соодветни услови за изведување настава во посебните паралелки | 2.1 Упатување на барање до Бирото за развојот на образованието | 2.1.1 Унапредување на наставната програма<br>2.1.2 Обезбедување на учебници, прирачници и соодветни нагледни средства | Општина Охрид (Сектор за јавни дејности) | посебни паралелки при редовно училиште | септември 2010 - декември 2010 | Општина Охрид |
| 3. Ангажирање на дефектолози во предучилишни установи и во редовни училишта | 3.1 Иницирање на потребата за вработување на дефектолози | 3.1.1 Доставување на барање до Минсистерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика за вработување на дефектолози, согласно спроведената анализа | Општина Охрид (Сектор за јавни дејности) | училишта | јануари 2011 | Општина Охрид |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. Обезбедување на стручна готовност на наставниот кадар за работа со деца со попреченост, вклучени во редовниот образовен процес | 4.1 Организирање обуки за наставниот кадар во редовниот образовен процес | 4.1.1 Организирање семинари за дел од наставниците<br>4.1.2 Размена на искуства со дефектолозите од посебните паралелки<br>4.1.3 Размена на искуства помеѓу стручниот тим од ОУ „Св. Климент Охридски" со другите училишта во Општина Охрид<br>4.1.4 Вклучување на наставниот кадар во програмите за инклузивно образование на Министерство за образование и наука (МОН) | Координативно тело за спроведување на ЛАП | Општина Охрид (Сектор за јавни дејности)<br><br>училишта<br><br>МОН | јануари 2011 - декември 2013 | Општина Охрид<br><br>МОН<br><br>училишта |

## Област 4: СОРАБОТКА НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ СО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

| Цели | Задачи | Акции | Одговорна институција | | Време за спроведување | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Кој | Со кого | | |
| 1. Унапредување на соработката помеѓу локалната власт и ОЛП | 1.1 Формализирање на соработката | 1.1.1 Оформување на координативно тело со мандат од општината | Општина Охрид | ОЛП | септември 2010 | Општина Охрид |

## Област 5: КУЛТУРА, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

| Цели | Задачи | Акции | Одговорна институција | | Време за спроведување | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Кој | Со кого | | |
| 1. Вклучување на лицата со попреченост во културни и спортски настани во општина Охрид | 1.1 Овозможување присуство на културни и спортски настани на општинско ниво | 1.1.1 Соработка помеѓу културните и спортските институции со ОЛП<br>1.1.2 Организирање заеднички настани и вклучување во програмите на културни и спортски манифестации на општинско ниво | ОЛП | културни и спортски институции<br><br>Општина Охрид | јануари 2011 - декември 2013 | културни и спортски институции<br><br>ОЛП |
| 2. Обезбедување поддршка за организирање културни, спортски и рекреативни настани на ОЛП | 2.1 Изготвување и аплицирање со предлог-програми за културни, спортски и рекреативни активности | 2.1.1 Селекција по пат на конкурс на годишно ниво<br>2.1.2 Поддршка на културните, спортските и рекреативните настани организирани од ОЛП | Општина Охрид | ОЛП | јануари 2011 - декември 2013 | Општина Охрид |

## Област 6: СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СОЦИЈАЛНИ СЕРВИСНИ СЛУЖБИ

| Цели | Задачи | Акции | Одговорна институција | | Време за спроведување | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Кој | Со кого | | |
| 1. Информирање на лицата со попреченост и нивните семејства за можноста за интервентно користење на еднократна парична помош од буџетот на Општината | 1.1 Воспоставување на директни контакти со лицата со попреченост и нивните семејства | 1.1.1 Оформување критериуми за интервентно доделување на еднократна парична помош од буџетот на Општина Охрид<br>1.1.2 Информирање на организациите на лицата со попреченост за можностите за користење на еднократна парична помош од буџетот на Општина Охрид<br>1.1.3 Информирање и упатување на лицата со попреченост од страна на ОЛП за можностите за користење на еднократна парична помош од буџетот на Општина Охрид | Општина Охрид | ОЛП | јануари 2011 - декември 2013 | Општина Охрид |
| | 1.2. Намалување за одреден процент на надоместокот за потрошена вода и на надоместокот за комунални услуги што ги наплаќаат ЈП „Комуналец” и ЈП „Проаква” | 1.2.1 Изготвување критериуми за намалување на одреден процент<br>1.2.2 Упатување на барање до Советот на Општина Охрид за намалување на одреден процент<br>1.2.3 Реализација, според Одлука на Советот на Општина Охрид | Совет на Општина Охрид | ОЛП<br><br>ЈП „Комуналец” и ЈП „Проаква” | септември 2010 - јануари 2011 | Општина Охрид |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Реализирање на законските можности за обезбедување на континуитет на работата на Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Охрид | 2.1 Реализирање на финансиите за функционирање на Дневниот центар за лицата со интелектуална попреченост – ПОРАКА Охрид | 2.1.1 Склучување договор за финансирање на Дневниот центар<br>2.1.2 Редовно финансирање на годишно ниво<br>2.1.3 Следење и евалуација на Дневниот центар од страна на општина Охрид | Општина Охрид | ЦПЛИП - ПОРАКА Охрид | септември 2010 - ноември 2013 | Општина Охрид<br><br>донатори<br><br>РЦПЛИП - ПОРАКА |
| 3. Развивање мрежа од социјални сервисни служби за лицата со попреченост во општина Охрид | 3.1 Согледување на потребата за оформување на разновидни социјални сервисни служби | 3.1.1 Анализа на потребите на постојните социјални сервисни служби<br>3.1.2 Стручен извештај за моменталната состојба во областа на социјалните сервисни служби<br>3.1.3 Насоки и препораки за развивање на социјалните сервисни служби во Општина Охрид | Центар за социјална работа – Охрид<br><br>Координативно тело за спроведување на ЛАП | ОЛП<br><br>Општина Охрид | јануари 2011 - јуни 2011 | Центар за социјална работа – Охрид<br><br>Општина Охрид |
| | 3.2 Иницирање на потребата за креирање на нови социјални сервисни служби | 3.2.1 Доставување извештај/анализа и барање до надлежни институции (МТСП и општина Охрид) | Координативно тело за спроведување на ЛАП | Општина Охрид | јули 2011 - декември 2011 | Општина Охрид |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. Развивање на процедурите и критериумите за социјалните сервисни служби во Општина Охрид | 4.1 Формирање на работна група и изготвување на процедурите и критериумите | 4.1.1 Развивање на стандардите за квалитет на социјалните сервисни служби<br>4.1.2 Развивање на процедурите за делегирање на надлежностите, согласно законските можности<br>4.1.3 Развивање на процедурите за мониторинг и евалуација | Општина Охрид | ОЛП<br><br>РЦПЛИП - ПОРАКА | јануари 2011 - декември 2011 | Општина Охрид |

## Област 7: ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

| Цели | Задачи | Акции | Одговорна институција | | Време за спроведување | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Кој | Со кого | | |
| 1. Информирање на лицата со попреченост и нивните семејства за можностите за вработување, согласно Законот за вработување на инвалидни лица | 1.1 Воспоставување на директни контакти со лицата со попреченост и нивните семејства | 1.1.1 Организирање информативни состаноци со лицата со попреченост и нивните семејства | ОЛП | Центар за вработување - Охрид | септември 2010 - декември 2013 | ОЛП |
| 2. Запознавање на лицата со попреченост и нивните семејства со правата и обврските од работен однос | 2.1 Воспоставување на директни контакти со лицата со попреченост и нивните семејства | 2.1.1 Организирање информативни состаноци со лицата со попреченост и нивните семејства | ОЛП | Инспекторат за труд | септември 2010 - декември 2013 | ОЛП |
| 3. Намалување на бројот на злоупотребите при вработувањето | 3.1 Зголемена контрола од надлежните институции | 3.1.1 Интензивирање на контролите од инспекциските служби во работните организации/фирми каде има вработено лица со попреченост<br>3.1.2 Организирање тркалезни маси со работодавците<br>3.1.3 Организирање работни состаноци од страна на ОЛП со своите членови, за откривање на можните злоупотреби | ОЛП | Инспекторат за труд | септември 2010 - декември 2013 | ОЛП |

## Област 8: ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА

| Цели | Задачи | Акции | Одговорна институција | | Време за спроведување | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Кој | Со кого | | |
| 1. Информирање за можноста за ослободување од партиципација за лекување и лекарства за деца со попреченост до 26-годишна возраст | 1.1. Директни контакти со лицата со попреченост | 1.1.1 Дистрибуирање на информација<br>1.1.2 Директни контакти со матичните лекари | ОЛП<br><br>Центар за социјална работа - Охрид | Координативно тело за спроведување на ЛАП | септември 2011 - декември 2013 | ОЛП |
| 2. Реализирање на правото на здравствена заштита без партиципација за лица со попреченост до 26-годишна возраст | 2.1 Реализирање на правото за ослободување од партиципација на лицата со попреченост до 26- годишна возраст | 2.1.1 Укажување и упатување на барање до ПЕ на Фондот за здравствено осигурување за правилна примена на постојните законски можности | ОЛП | ЦСР<br>ПЕ ФЗО | септември 2010 - декември 2013 | ОЛП |
| 3. Проширување на ингеренциите на стручниот орган за оценување на специфичните потреби на лицата со пречки во развојот, при ЈЗУ Општа болница - Охрид | 3.1 Овозможување на оценување на специфичните потреби на сите групи лица со попреченост во местото на живеење | 3.1.1 Упатување на барање до МТСП за проширување на ингеренциите на стручниот орган за оценување на специфичните потреби на сите лица со пречки во развојот | Координативно тело за спроведување на ЛАП | ЈЗУ Општа болница - Охрид | јануари 2011 | ЈЗУ Општа болница - Охрид |









**Локалниот акционен план за унапредување на положбата на лицата со попреченост во Општина Охрид 2010 - 2013 е подготвен во периодот јануари - мај 2010 во рамките на програмата ГРАДОТ И ПОПРЕЧЕНОСТА, имплементирана од Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА, во соработка со Хендикеп Интернационал - Југоисточна Европа, а со поддршка од Програмата за мали грантови на Амбасадата на САД во Република Македонија.**

**Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА**
**www.poraka.org.mk**

**Хендикеп Интернационал Југоисточна Европа**

**Амбасада на САД во Република Македонија**